РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ




# 52. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА ПРИ УКИМ ВО СКОПЈЕ

**Охрид, 29 – 30.8.2025 година**







**Скопје, 2026**




**Република Северна Македонија**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

# 52. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА ПРИ УКИМ ВО СКОПЈЕ

**Охрид, 29 — 30.8.2025 година**

**Скопје, 2026**

**Ректор:**
проф. д-р Биљана Ангелова

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
проф. д-р Биљана Ангелова,
ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**За издавачот:**
проф. д-р Биљана Ангелова,
ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**52. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје**

**Меѓународен редакциски одбор:**
Академик Ала Шешкен
проф. д-р Соња Топузовска, проректор на УКИМ
проф. д-р Кристина Николовска, директор на МСМЈЛК при УКИМ
проф. д-р Намита Субиото
проф. д-р Мелахат Парс
проф. д-р Марија Паунова
проф. д-р Трајче Стамески
м-р Евдокија Илијевска

**Јазична редакција:**
Лилјана Јовановска

**Компјутерска обработка:**
МАР-САЖ, Скопје

**Печати:**
МАР-САЖ, Скопје

**Тираж:**
150 примероци

## СОДРЖИНА

### ПОЗДРАВНИ ОБРАЌАЊА

ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ НА
ПРОФ. Д-Р БИЉАНА АНГЕЛОВА,
РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ... 13

ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ
НА ПРОФ. Д-Р КРИСТИНА НИКОЛОВСКА,
ДИРЕКТОР НА МСМЈЛК ПРИ УКИМ ..... 17

ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ
НА АКДЕМИК ЖИВКО ПОПОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
И УМЕТНОСТИТЕ (МАНУ) ..... 23

### ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА

академик Ала Шешкен
ЧОВЕКОТ ВО ВРЕМЕ НА ИСКУШЕНИЈА ВО
ПРОЗАТА НА ЖИВКО ЧИНГО ..... 33

проф. д-р Димитар Пандев
ЈАЗИКОТ НА ЧИНГО ..... 39

проф. д-р Елизабета Шелева
КУЌА ЦЕЛ СВЕТ (ОД РАЦИН ДО ЃУЗЕЛ) –
КОСМОПОЛИТИЗМОТ КАКО ТРАЕН ПОТТИК И
ФИЛОЗОФСКИ ПРЕДИЗВИК ..... 47

### ЈАЗИЧНА СЕКЦИЈА

проф. д-р Максим Каранфиловски
ПРИДОНЕСОТ НА ТРАЈКО СТАМАТОСКИ ВО ДЕЈНОСТА
НА СЕМИНАРОТ (МСМЈЛК) ..... 57

проф. д-р Андреа Фернандо Де Карло
проф. д-р Руска Ивановска-Наскова
МАКЕДОНИСТОТ НУЛО МИНИСИ ..... 63

проф. д-р Звонко Никодиновски
СЕМИОЛОГИЈА НА УМОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК .... 75

проф. д-р Лилјана Макаријоска, дописен член на МАНУ
м-р Ивана Блажевска-Ристовска
ФРАЗЕОЛОГИЈАТА ВО ДРАМСКОТО ТВОРЕШТВО
НА ТОМЕ АРСОВСКИ ..... 95

проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова
ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА ДИМЕНЗИЈА И
РАСЛОЈУВАЊА ВО ЈАЗИКОТ НА ПРАВОТО КАКО ЈАЗИЧЕН
ПОТСИСТЕМ ..... 111

проф. д-р Соња Новотни
проф. д-р Михајло Марковиќ
проф. д-р Мери Цубалевска
ЗА ПРЕЕМСТВЕНОСТА МЕЃУ ЛЕКСЕМИТЕ
**БЕЗАКОНЬНЊЕ, БЕСЪМРЪТНЊЕ, БЛАГОДАРЕННЊЕ, БЛАЖДЪ И**
**БОГАТЪ** (СЛЕПЧЕНСКИ ПАТЕРИК, ОГЛЕДАЛО И РАЗЛИЧНА
ПОУЧИТЕЛНА НАСТАВЛЕНИЈА) ..... 131

проф. д-р Сунчица Трифуновска-Јаниќ
ЕТИМОЛОШКА АНАЛИЗА НА НАЗИВИТЕ
МАТИЦА, БРЗАК, СУК, ГЛАВА И ЦИФУН ..... 143

проф. д-р Зоран Спасовски
КУЛТУРОЛОШКИОТ ПОГЛЕД НА ПОЈАВАТА НА
СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК ..... 151

д-р Давор Јанкулоски
НАРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ***ИМА***-ПЕРФЕКТОТ ВО
РОМАНОТ ***ЦРВЕНИОТ КОЊ*** НА ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ 165

д-р Антоанета Тримчевиќ
ЦРКОВНОСЛОВЕНИЗМИТЕ ВО ТВОРЕШТВОТО
НА ВЛАДИМИР КОСТОВ ..... 173

д-р Душко Деспотовски
ЛЕКСЕМИТЕ ***ВИСОЧИНКА, ВИСОЧИНА, ВИС*** ВО
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ДИЈАХРОНИСКА АНАЛИЗА ... 189

проф. д-р Никита Шекутковски
КОНВЕРГЕНЦИЈА: ЈАЗИК, ПИСМО И ТЕРИТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА ..... 203

Борјан Саздов, Стефан Крстески, Матеа Ташковска, Христијан Ѓоресќи, проф. д-р Бранислав Геразов,
КОН СЛЕДЕЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОШКИ ТРЕНДОВИ – ГОЛЕМ ЈАЗИЧЕН МОДЕЛ И КОРПУС НА ТЕКСТОВИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ..... 215

м-р Јован Иловски
проф. д-р Мерсиха Исмајлоска
ГЕНЕРАТИВНА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО СРЕДСТВО ЗА ЗАШТИТА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЈАЗИЧНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 239

проф. д-р Радица Никодиновска
ПРЕДАВАЊЕ НА КУЛТУРЕМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА РОМАНОТ ***LA FORMA DELL'ACQUA (ОБЛИКОТ НА ВОДАТА)*** ОД АНДРЕА КАМИЛЕРИ ..... 263

проф. д-р Станислава Мојшова
ИНКЛУЗИВНОСТА ВО ОДНОС НА РОДОВОТО УРАМНОТЕЖЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ ВО СЛОВАЧКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ..... 283

проф. д-р Ирина Бабамова
ЗА ПРЕВОДОТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ПОВЕСТА ***КРЕНКБИЈ*** ОД АНАТОЛ ФРАНС ОБЈАВЕН ВО 1947 Г. ..... 295

проф. д-р Лилјана Митковска
доц. д-р Габриела Неделкоска
доц. д-р Ана Арсовска
МАКЕДОНСКИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ НА АНГЛИСКИОТ ПЕРФЕКТ – АНАЛИЗА НА КНИЖЕВНИ ПРЕВОДИ ..... 307

доц. д-р Македонка Додевска
проф. д-р Лидија Аризанковска
ЗА СЛОЖЕНКИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА И ВО СЛОВЕНЕЧКАТА МЕДИЦИНСКА ТЕРМИНОЛОГИЈА (ОД СТРУКТУРЕН И СЕМАНТИЧКИ АСПЕКТ) ..... 321

проф. д-р Тамара Ќупева
ДИЈАЛОГОТ ВО НОВ КОНЦЕПТ – МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ГОЛЕМИТЕ ЈАЗИЧНИ МОДЕЛИ.....339

**ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА**

проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова
КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ И ГРИГОР ПРЛИЧЕВ ВО СПРЕГАТА НА ЕПОХИТЕ.....353

м-р Пламен Тотев
ЖАНРОВСКА РАЗНОВИДНОСТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
ДУХОВНАТА И ЛИТЕРАТУРНАТА ПОЗАДИНА, ПОТРЕБИТЕ ШТО ГИ РАЃААТ „СЕРДАРОТ“ И „СКЕНДЕРБЕГ“, ЖАНРОВСКАТА БЛИСКОСТ ДО КЛАСИЧНИОТ АНТИЧКИ ЕПОС.....369

Олга Панкина
ГАНЕ ТОДОРОВСКИ ВО ПРЕПЕВ НА РУСКИ.....375

м-р Александар Мешков
АСПЕКТИ НА ВАМПИРСКИОТ ФОЛКЛОР ВО МАКЕДОНИЈА.....383

проф. д-р Славица Србиновска
ИДЕОЛОГИЈАТА И ПРОЗАТА НА ЖИВКО ЧИНГО .....397

проф. д-р Кристина Николовска
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И АНТЕ ПОПОВСКИ.....411

проф. д-р Трајче Стамески
„БОЛЕН ДОЈЧИН“ НА ГЕОРГИ СТАЛЕВ ПОПОВСКИ: ОД НАРОДНА ПЕСНА ДО УНИВЕРЗАЛНА ПАРАБОЛА .....419

проф. д-р Ана Стојаноска
ПЕРФОРМАТИВНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА „ЦРНО СЕМЕ“ ОД ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ – СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРЕТСТАВАТА „ЦРНО СЕМЕ“ ВО РЕЖИЈА НА АНДРЕЈ ЦВЕТАНОВСКИ, НАРОДЕН ТЕАТАР – БИТОЛА .....431

проф. д-р Биљана Рајчинова-Николова
ИДЕНТИТЕТОТ ОСУДЕН НА ЖИВОТ НА ПРОПУСТЛИВОСТА/НЕПРОПУСТЛИВОСТА НА ГРАНИЦАТА(ПРЕКУ ДЕЛАТА ***ЦРНО СЕМЕ*** И ***ЦРВЕНИОТ КОЊ*** ОД ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ И ***ЕГЕЛЦИ*** ОД КИЦА БАРЏИЕВА-КОЛБЕ).....447

м-р Ѓоко Здравески
ПЕТТЕ ВОКАЛИ ВО „ДВЕ ТИШИНИ“ ОД АНТЕ ПОПОВСКИ.....469

Ерол Туфан
АНТЕ ПОПОВСКИ – ИНТЕЛЕКТУАЛЕЦ БОРЕЦ ЗА МАКЕДОНСКАТА КАУЗА .....479

проф. д-р Драгана Литричин Дунић
ЛИТЕРАТУРА КАО МЕСТО СУСРЕТА.....485

д-р Милан Д. Вурдеља
О РЕЦЕПЦИЈИ ДРАМЕ ***ОСЛОБОЂЕЊЕ СКОПЈА*** ДУШАНА ЈОВАНОВИЋА У СРПСКОЈ И ЈУГОСЛОВЕНСКОЈ КУЛТУРИ.....497

д-р Елена Обухова
ОСОБЕНОСТИ НА ПРЕВОДОТ НА ГЕОГРАФСКИТЕ НАЗИВИ ВО РОМАНОТ НА ИЛФ И ПЕТРОВ „12 СТОЛА“ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК.....509



**58. Летна школа**
**на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**(Охрид, 14 – 28 август 2025 година)**

проф. д-р Андреа Фернандо Де Карло
Универзитет „Ориентале“ во Неапол, Италија
afdecarlo@unior.it

проф. д-р Руска Ивановска-Наскова
Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје
rivanovska@flf.ukim.edu.mk

# МАКЕДОНИСТОТ НУЛО МИНИСИ[1]

**Апстракт:** Трудот е посветен на Нуло Миниси, истакнат италијански славист и редовен професор по словенска филологија на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, и на неговите релации со македонскиот јазик, книжевност и култура. Во трудот се претставени неколку негови јазични и книжевни студии, неговата активност врзана за лекторатот по македонски јазик во Неапол, соработката со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и врската со Блаже Конески. Покрај македонистичките студии на Миниси, земени се предвид и трудовите и делата на Миниси преведени на македонски со цел да се осветли, исто така, и рецепцијата на дејноста на Миниси и неговиот лик во македонски контекст. Последниот дел од текстот посветен е на сведоштвата за врските на Миниси со македонистиката и Конески во неговиот фонд на Универзитетот во Витербо, како и во фондот „Блаже Конески“ во Архивот на МАНУ.

**Клучни зборови:** Нуло Миниси; македонски јазик; македонистика; Блаже Конески; архивски материјали

Целта на овој труд е да го претстави ликот на познатиот италијански славист Нуло Министи и неговите релации со македонскиот јазик, книжевност и култура. Има неколку поводи за изборот на оваа тема. Првиот е заминувањето на проф. Миниси на 27.1.2024 г. Вториот повод е поврзан со почетоците на истражувањето на архивскиот материјал на Миниси на Универзитетот во Витербо, како и на истражувањето на архивските материјали оставени од Блаже Конески во Архивот на Македонската академија на науките и уметностите. И уште еден важен повод е поврзан со Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, на кој предаваше проф. Миниси, и на на-

[1] Трудот се објавува во рамки на проектот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје „Виртуелен музеј Конески“, реализиран со поддршка од Министерството за образование и наука преку Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети/факултети/научни институти/МАНУ за 2025 г.

порите што се прават во последнава година за повторно воведување настава по македонски јазик на овој универзитет.

Трудот почнува со био- и библиографска белешка за Миниси и продолжува со дел посветени на неговите главни трудови за македонскиот јазик, книжевност и култура, на неговата активност врзана за лекторатот по македонски јазик во Неапол, на соработката со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на врската со Блаже Конески. Покрај македонистичките студии на Миниси, земени се предвид и трудовите и делата на Миниси преведени на македонски со цел да се осветли, исто така, и рецепцијата на мислата на Миниси во поширок општествен контекст. Во последниот дел од трудот прикажани се првите согледби од прегледот на архивските материјали оставени од Миниси и од Конески.

## 1. Нуло Миниси: лингвист, книжевник и интелектуалец

Нуло Миниси (8 август 1921 – 27 јануари 2024) е истакнат италијански славист. Додипломските студии по словенска филологија ги завршил во 1948 г. Од 1958 до 1998 г. бил професор на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, долгогодишен раководител на Катедрата за источноевропски студии на „Ориентале“, а од 1978 до 1981 г. бил и ректор на овој универзитет. По пензионирањето, Миниси е избран и за професор емеритус по словенска филологија и угро-фински јазици (Доровски & Црвенковска 2008, 65; Opacki, Wilkoń & Żurawska 1997, 7–12) .

Неговиот научен интерес е во полето на индоевропеистиката, славистиката и угрофинските јазици. Автор е на повеќе од 100-тина студии и 14 монографии од областа на филологијата, од кои можат да се издвојат повеќе броја на *Eurasiatica* (Неапол, од 1970 год.), *E l’uomo scelse la parola* (Minissi 1996), *Dizionario di fonologia* (Minissi, Belardi 1962), *La scrittura fonetica. Guida per intendere e applicare i sistemi di trascrizione* (Minissi 1990). Во своето претставување на Нуло Миниси при неговиот прием во МАНУ, Блаже Конески во 1979 г. го изнесува следново мислење:

> Научната дејност на професорот Миниси е зачудувачки широка и претполага извонредна ерудиција. Покрај извесни проучувања од историјата на старите словенски текстови (особено во однос на стратиграфијата на Хрониката на Нес-

тор) и од областа на руската и југоисточните литератури, тој се интересира особено за историјата на словенските, балтичките, индо-иранските и дарвидските јазици. Од 1970 година, работи врз структурата на фразата и најстарата типологија на уралско-алтајските јазици. Тој има постигнато значајни резултати и во областа на експерименталната фонетика. (Конески во Миниси 2004, 8–9).

Научната дејност на Миниси е високооценета во меѓународен контекст. Од 1963 г. е член на Калевасеура (Хелсинки), од 1980 г. е член на МАНУ, а од 1999 г. и на Полската академија на науки и уметности во Краков. Избран е за почесен доктор на Универзитетот во Софија, на Шлезискиот универзитет во Катовице и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Добитник е на повеќе одликувања, меѓу кои и Златна ѕвезда на Југославија (1979), Почесно Рациново признание (2004), Медал за заслуги на Република Македонија (2007) и Медал Блаже Конески од МАНУ (2008).

Миниси бил активен и на општествен план. Во 1969 г. бил претставник на Италија во Конститутивниот комитет на Меѓународната асоцијација на студии за Југоисточна Европа поддржана од УНЕСКО (*Association internationale des études du Sud-Est Européen*) и член на Комисијата за јазични прашања на европската интеграција (*Kommission für Sprachfragen der Europaischen Einigung*), која во 1971 г. во Хамбург го основа Институтот за јазични прашања на европската интеграција (*Institut für Linguistische Probleme der Europaischen Integration*). Миниси редовно објавувал свои прилози во италијанскиот печат, особено на теми поврзани со универзитетската политика и со европските прашања. На ова се надоврзува и неговиот придонес во формирањето на Фондацијата Медитеран во Неапол. Во негова чест во 1997 г. во Катовице е објавен зборникот трудови *Studia slavistica et humanistica in honorem Nullo Minissi* (Opacki, Wilkoń & Żurawska 1997).

## 2. Нуло Миниси и македонистиката

Проучувањата и придонесот на Нуло Миниси во македонистичките студии и во македонскиот културен контекст тематски би можеле да се поделат во три целини: лингвистички, книжевни и општествено-културолошки студии и придонеси.

Во доменот на лингвистичките проучувања, Миниси најмногу се осврнува на фонетиката и на фонологијата на македонскиот јазик. Најзначајно дело во овој контекст е *Фонетиката на македонскиот јазик*, објавена во соавторство со Наум Китановски и Умберто Чинкве во 1982 г, од издавачката куќа Библиополис, како издание на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол (Minissi, Kitanovski, Cinque 1982). Изданието, кое содржи вовед на три јазика – македонски, англиски и италијански, има за цел да ја опише артикулацијата во македонскиот јазик преку истражување спроведено со поддршка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Истражувањето е претставено преку 55 фигури – рендгенографии, линеарни скици, спектограми, преку кои се опишуваат вокалниот и консонантскиот систем на македонскиот јазик. Изданието е придружено со текст на Нуло Миниси за македонскиот вокализам во контекст на балканскиот вокализам, во кој, според спецификите на вокалните системи, се издвоени две групи јазици во балкански контекст: на една страна се албанскиот, романскиот, ароманскиот и бугарскиот, а на друга, македонскиот и новогрчкиот. Овој текст претходно бил изложен во 1978 г. на V Научна дискусија на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид (Миниси 1979).

Втората тема на која Миниси посветува големо внимание е придонесот на Блаже Конески во кодификацијата на македонскиот јазик. Покрај неговото излагање од 2002 г. на тема „Блаже Конески и нормирањето на јазикот“ на XXIX Научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура (Миниси 2003), Миниси детално се осврнува на оваа тема во 2007 г. во двојазичното македонско-италијанско издание „Блаже Конески: поет и граматичар/Blaže Koneski: poeta e grammatico“, објавено од Македонската академија на науките и уметностите и преведено од Радица Никодиновска (Миниси 2007; Никодиновска, Ивановска-Наскова 2012). Како што укажува и самиот наслов, тезата на Миниси е дека фактот што Конески бил истовремено и поет и лингвист е пресуден за тоа како Конески го конципирал македонскиот јазик. Од една страна, тој бил ерудит, лингвист со мошне широки научни познавања за повеќе јазици, но од друга страна, тој имал и изразено поетско чувство за јазикот. Клучните одлуки за нормирањето на македонскиот јазик, според Миниси, Конески ги носи благодарение на својата поетска интуиција. Миниси ја поткрепува оваа своја

теза низ еден долг аргументиран есеј во кој ги идентификува токму критичните места во македонската граматика кога Конески го применува овој принцип. Во својот истовремено широк и длабок дискурс, Миниси вешто преминува од размислување за најновите тенденции во актуелната капиталистичка реалност, кон личноста на Конески, во која пронаоѓа пример за доблесна просветителска фигура и патоказ за идните генерации. Со тоа текстот на Минис не е само осврт за придонесот на Конески во кодификацијата на македонскиот јазик, туку и омаж за Конески како личност кон која Миниси чувствува длабока поврзаност и пиетет:

> Треба пред сè да им дадам предност на пријателите – на незаборавениот Конески, сеќавање што е навистина сè уште едно богатство, чие дело до ден денес е сè уште присутно и битно, и од кој сите ние сè уште ја чувствуваме важноста, виталноста, генијалноста ден-денес (Миниси во Стојчевска-Антиќ 2024: 15).

Други студии на Миниси за македонскиот јазик се: *Редот на зборовите* (Миниси 1985б), *Оригиналноста на структурата на македонскиот јазик* (Стаматоски 2006: 25)[2] и *Опозицијата помеѓу формите без* се *и со* се *и прашањето на залогот во македонскиот јазик* (Стаматоски 2019: 6).

Што се однесува до книжевноста, во библиографијата на Миниси се вбројуваат следните следните студии и текстови: *Природата и функцијата на поезијата* (Миниси 1993), *Литературата и меморијата* (Миниси 2008), *Поезијата како слика* (Миниси 2015). Во 2004 година во издание на Култура е објавена збирката есеи *Европски книжевни студии* од Миниси (2004). Во неа се поместени девет есеи на различни теми од областа на книжевноста, преведени од наставници по италијански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Во активноста на Миниси на поширок општествен и културен план во Македонија се вбројуваат текстовите: *Улогата на Македонија во културата на Југоисточна Европа* (Миниси 1998), *Универзитетот во 21 век* (Миниси 1999), *Балканските земји: кон минатото или кон иднината? Предизвик на новиот милениум*

[2] Миниси, Нуло 1998: Оригиналноста на структурата на македонскиот јазик. „Македонско време", год. V, бр. 45–46, јули – август 1998 (Стаматоски 2006: 25).

(Миниси 2002) и текстот *Изолацијата е опасна* (Миниси 2007). Споменатите студии и текстови се објавени во зборници на трудови, списанија и во печат.

Кога се зборува за придонесот на Нуло Миниси за македонистиката, неодминилив е податокот дека благодарение и на неговите заложби, еден од првите два лектората по македонски јазик е отворен на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол пред 55 години (Каранфиловски, Спасов 2004). Благодарение на наставно-образовната активност на овој лектират реализирана од повеќе лектори, меѓу кои се Наум Китановски, Радица Никодиновска и Анета Симовска, беа образувани неколку десетици македонисти во Италија. Едно од сведоштвата за богатата активност на лекторатот е и *Прирачникот за изучување на македонскиот јазик* во два тома од Наум Китановски, кој го посветува учебникот токму на Нуло Миниси, како најзаслужен за отворањето на патот на македонистиката во Неапол (Kitanovski 1983a; 19983b). Друго сведоштво за активностите на лекторатот се сеќавањата на Вера Стојчевска-Антиќ за нејзиниот престој во Неапол и средбата со Миниси, за срдечниот пречек и за интересот за македонскиот јазик и книжевноста (Стојчевска-Антиќ 1999).

Во контекст на веќе споменатото пријателство меѓу Конески и Миниси, кое е несомнено еден од главните двигатели на македонистичката активност на Миниси, вреди да се спомене уште едно издание. Овие два големи лингвисти имале уште еден заеднички именител – поезијата. Нивното пријателство е овековечено и во двојазичната стихозбирка на Миниси, *La vita non è favola/Животот не е сказна*, објавена во 1997 г. во чест токму на Блаже Конески (Миниси 1997).

### 3. Архивите Блаже Конески и на Нуло Миниси

Една од целите на на овој труд е да се испита дали архивските материјали од фондовите на Конески и на Миниси содржат сведоштва за нивната соработка и за активноста на Миниси како македонист.

Архивските материјали на Конески се чуваат во истоимениот фонд во МАНУ и во тек е негова систематизација, обработка и дигитализација во рамки на проектот „Виртуелен музеј Конески“. Првиот преглед на материјалот кажува дека има, за жал, малку све-

доштва за соработката и контактите на овие два научника и поети. Архивската единица со сигнатура БК 808 содржи статија од Блаже Конески со наслов „Македонската поезија во медитеранската сфера“, објавена во „Нова Македонија“ од 18.5.1980 г. (стр. 9), во која има и информации за симпозиумот „Современа македонска поезија“, одржан во Позитано, Италија, по повод одбележување на 10-годишнината од работата на Катедрата за македонски јазик на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол. И покрај богатата преписка на Конески во фондот, досегашниот преглед открива само една честитка од Миниси до Конески, зачувана во архивската единица со сигнатура БК 1248.

Фондот на Миниси, кој содржи книги и архивски материјал, е формиран во 2024 г. на Универзитетот во Туша, Витербо, заедно со фондот на неговата сопруга, Анџела Џанитрапани (1925 – 2009), англистка, писателка и уредничка на периодични изданија за книжевна култура. Колекцијата книги и документи на Миниси, подарена од неговите наследници, се наоѓа во комплексот Санта Марија ин Гради и во моментов се каталогизира. Овој материјал ќе биде сместен во посебен дел за збирки од историска и културна вредност вклучени во наследството на универзитетот.

Фондот Џанитрапани–Миниси, содржи приближно 10.000 тома од библиотеките на двајцата научници и, поради неможноста со сигурност да се утврди дали книгите му припаѓале на Миниси или на Џанитрапани, одлучено е збирката да бида зедничка и да се именува по двајцата научници (Marini 2025). Фондот содржи и друг вид материјали, кој сè уште не е систематизиран. За разлика од фондот на книги, кај архивските материјали е полесно да се изделат трудовите на Миниси од трудовите на Џанитрапани. Што се однесува до содржината, фондот претежно содржи извадоци, фотокопии со белешки, скици за есеи, ракописи, машинописи и преписки. Збирката на преписки, пак, е релативно скромна. Во овој контекст, треба да се напомене дека некои писма од Миниси и истакнатиот славистички научник Џовани Мавер се каталогизирани во фондот на Мавер, кој се чува во Националната централна библиотека во Рим.

Во врска со контактите со Македонија на Миниси, во досегашниот преглед пронајдени се само официјални писма од поранешниот ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Јаким Петровски, и проректорот проф. д-р Саво

Цветановски, како и писмо испратено од ректорот проф. д-р Александар Анчевски. Исто така, има писмо од Македонската академија на науките и уметностите, од тогашниот секретар Благој Попов. Од овие писма може да се заклучи дека Миниси многу се грижел за италијанско-македонските односи и неуморно работел на нивно развивање.

Фондот на Миниси говори и за неговото цврсто пријателство со Луан Старова (1941 – 2022) – македонски писател од албанско потекло и член на МАНУ. Во фондот се зачувани писмо на Миниси и писмо на Луан Старова, од времето кога Луан Старова бил македонски амбасадор во Париз. Во фондот можат да се консултират и белешки за рецензијата за книгата на Старова, „Les livres de mon père“ (*Та̄ковите кнӣги*). Исто така, во фондот се наоѓа и нацрт за статија на италијански јазик со наслов „Луан Старова и балканскиот ‘реализам’“.

За жал, сè уште не е пронајдена преписка со Блаже Коневски или други личности од Македонија со кои Миниси бил во контакт. Во збирката се чуваат белешки за статии и книги, како и машинописи на македонски јазик со корекции во ракопис. Имајќи предвид дека систематизацијата на фондот сè уште е во тек, возможно е во иднина да се пронајдат и други сведоштва за македонистичките активности на овој важен италијански научник, интелектуалец и пријател на Македонија.

**Заклучни согледби**

Од прегледот на трудовите на Миниси, од неговите заложби за промовирање на македонскиот јазик во Италија и на неговиот поширок придонес, може да се заклучи дека станува збор за исклучително важна фигура за македонистиката. Во случајот на Миниси, како и кај ред други други македонисти, не станува збор само за научник посветен на проучување на македонскиот јазик, книжевност и култура, туку и за интелектуалец кој дејствувал во еден поширок општествен контекст, токму како што Луан Старова и го опишува во својот предговор на збирката есеи од Миниси *Европски книжевни стӯдии*:

> „Македонија и Македонците во нивната повоена историја немале поголем, поверен и потраен пријател и заштитник

на нивниот идентитет, што бил и каков што останува академикот Нуло Миниси, еден од најголемите италијански живи лингвисти и полиграфи (Старова 2004, 13).“

**Користена литература**


Доровски Иван, Црвенковска Емилија 2008: *Лексикон на странски македонисти*, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.

Каранфиловски Максим, Спасов Људмил 2004: „Стратегиски насоки за натамошниот развој на македонистиката на универзитетите во странство“, *Билтен на Советот за македонски јазик*, *6*, 18–25, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/sovet-za-makedonski-jazik-file-zOzz.pdf, (пристапено на 8.4.2026).

Миниси Нуло 1979: „Македонскиот вокализам во рамките на балканскиот вокализам“, *Зборник на трудови од V научна дискусија,1978,* Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 35–40.

Миниси Нуло 1985а: „Човек на епохата на обновата“, Старова Луан (прир.), *Трудови / Божидар Наслев*, Мисла, Скопје, 431.

Миниси Нуло 1985б: „Редот на зборовите“, *XI научна дискусија, Охрид, (13-16 август 1984): [во рамките на XVII] Семинар за македонски јазик, литература и култура,* Универзитет „Кирил и Методиј“, Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 79–82.

Миниси Нуло 1993: „Природата и функцијата на поезијата“, *Културен живот* , *38* (3), 59–61.

Миниси Нуло 1998: „Улогата на Македонија во културата на Југоисточна Европа“, *Науката и културата за заедничка иднина на Југоисточна Европа: прилози од научниот собир одржан во Скопје на 31 октомври 1997 година по повод 30-годишнината од основањето на МАНУ*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 75–80.

Миниси Нуло 1999: „Универзитетот во 21 век/L’Universitá nel Duemila“, *Меѓународен симпозиум „Универзитетот во 21-от век“ Скопје, 25 мај 1999: 50-годишен јубилеј Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и еден милениум од Климентовиот универзитет во* Охрид, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 45–49; 33–37.

Миниси Нуло 2002: „Балканските земји: кон минатото или кон иднината? Предизвик на новиот милениум“, *Науката и културата во заедничка акција за мир и развој: зборник на трудови Меѓународна конференција Балканот во новиот милениум (2001; Скопје)*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 309–313.

Миниси Нуло 2003: „Блаже Конески и нормирањето на јазикот“, *XXIX научна конференцијаа XXXV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура Охрид, 19-20 август 2002 година*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 31–36.

Миниси Нуло 2004: *Европски книжевни студии*, Култура, Скопје.

Миниси Нуло 2007: „Изолацијата е опасна“, *Македонски пулсирања: интервјуа*. Македонска ризница, Куманово.

Миниси Нуло 2008: „Литературата и меморијата“, *Интерпретации: Европски истражувачки проект за поетика и херменевтика (ЕПИХ) на Македонската академија на науките и уметностите: меморија & интерпретација*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 55–58.

Миниси Нуло 2015: „Поезијата како слика“, *Ти, во заседа под клепките*, Струшки вечери на поезијата, Струга.

Никодиновска Радица, Ивановска-Наскова Руска 2012: „Поетот и лингвистот Нуло Миниси за поетот и лингвистот Блаже Конески“, *Меѓународен научен симпозиум Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура* 15–16.12.2011, Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје, 651–658.

Стаматоски Трајко 2019: „Длабоко нурнување во македонството“, Стаматоски Трајко, Веновска-Антевска Снежана, Каранфиловски Максим (прир.), *Граматичарот Конески (65 години од Граматиката)*, Фондација за македонски јазик Небрегово, Скопје, 3–7.

Стаматоски Трајко 2006: *Мислата на Блаже Конески*, Фондација за македонски јазик Небрегово, Скопје.

Старова Луан 1982: „Искуствата на авангардата“, *Поетската авангарда денес = L’avant-garde poétique aujourd’hiu*, Струшки вечери на поезијата, Струга.

Стојчевска-Антиќ Вера 2024: „Фрагменти од искажувања на странски слависти“, *Стожер*, *28* (155), 15–16.

Стојчевска-Антиќ Вера 1999: „Средби со слависти-македонисти“, *Нова Македонија*, *55*, (Год. 55, бр. 18856, 26 ноември 1999, стр. 8; год. 55, бр. 18857, 27 и 28 ноември 1999, стр. 7; год. 55, бр. 18858, 29 ноември 1999, стр. 5).

Kitanovski Naum 1983a: *Manuale di lingua macedone*. Istituto universitario Orientale, Napoli.

Kitanovski Naum 1983b: *Manuale di lingua macedone 2*. Istituto universitario Orientale, Napoli.

Marini Paolo 2025: „Il fondo Angela Giannitrapani – Nullo Minissi dell’Università della Tuscia”, *Slavia. Rivista trimestrale di cultura*, 3 (34), 217–220.

Minissi Nullo 1990: *La scrittura fonetica. Guida per intendere e applicare i sistemi di trascrizione.* La nuova Italia scientifica, Roma.

Minissi Nullo 1996: “E l’uomo scelse la parola”, Herder editrice e libreria, Roma.

Minissi Nullo 1997: *La vita non è favola / Животот не е сказна*, Euroklient, Skopje.

Minissi Nullo 2007: *Блаже Конески: поет и граматичар. Blaže Koneski poeta e grammatico.* Македонска академија на науките и уметностите / Accademia delle Scienze e delle belle arti. Скопје / Skopje.

Minissi Nullo, Belardi Walter 1962: *Dizionario di fonologia*, Edizioni dell’Ateneo, Roma.

Minissi Nullo, Kitanovski Naum, Cinque Umberto 1982: *Фонетика на македонскиот јазик – The phonetics of Macedonian – La fonetica del macedone*, Bibliopolis, Napoli.

Opacki Ireneusz, Wilkoń Aleksander Piotr, Żurawska Jolanta (Eds.) 1997: Studia slavistica et humanistica in honorem Nullo Minissi, Wydawnictwo Uniwersytetu Śląskiego, Katowice.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3(062.552)
821.163.3.09(062.552)

МЕЃУНАРОДЕН семинар за македонски јазик, литература и култура (2025 ; Охрид)
52. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ во Скопје : Охрид, 29-30.8.2025 година / [редакциски одбор Ала Шешкен ... и др.]. - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2026. - 516 стр. : илустр. ; 25 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Други членови на редакциски одбор: Соња Топузовска, Кристина Николовска, Намита Субиото, Мелахат Парс, Марија Паунова, Трајче Стамески, Евдокија Илијевска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-43-558-4 (13)
ISBN 9989-43-558-8 (10)

1. Меѓународна научна конференција (52 ; 2025 ; Охрид)
а) Македонски јазик -- Собири б) Македонска книжевност -- Критики и толкувања -- Собири

COBISS.MK-ID 69380869

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**А: Бул. Гоце Делчев бр. 9**
**1000 Скопје, РСМ**
**Т: +389 2 3293 293**
**Ф: +389 2 3293 202**
**www.ukim.edu.mk**

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

ISBN 9989435584